**АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО**
**РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА**
**С К О П Ј Е**

# ИЗВЕШТАЈ

---

## НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2024 ГОДИНА

---

**Скопје, февруари, 2025**

**Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на својата седница одржана на ден 27 февруари 2025 година , го утврди следниот**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА - СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2024 ГОДИНА

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво е запишано во Трговскиот Регистар во рамките на Централниот Регистар на РСМ со целосен назив: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА – Скопје, со скратен назив: АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со седиште на Бул. 3-та Македонска бригада бб, општина Аеродром, Скопје и ЕМБС 4053222.

Приоритетна дејност на Друштвото е под шифра 64.210 - Дејности на холдинг друштвата.

Вкупната главнина на Акционерското друштво изнесува: 4.124.600 ЕВРА

## АКЦИОНЕРСКА КНИГА

На ден 31.12.2024 година во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност состојбата е следна:

ИСИН број МКРАДЕ101010

Вкупен број на акции: 206.230 обични акции и номинална вредност на акцијата: 20 евра.

- Вкупен номинален капитал 4.124.600 ЕВРА
- Од увидот во Акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во групата која се води како акционери со непотполни податоци (неидентификувани) има вкупно 465 акции што претставува 0,225% од вкупниот број на акции.
- Број на иматели на акции заклучно со 31.12.2024 година изнесува 632
- Број на сопственички позиции 632.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ

Основните приходи, Акционерското друштво во текот на 2024 година, ги оствари преку:

- Дивиденда од удел во друштвата во Раде Кончар во кои АД има влог
- Дивиденда од хартии од вредност (акции) во други друштва
- Капитална добивка од тргување со хартии од вредност
- Нереализирана добивка од вложување во инвестициски фондови
- Издавање на деловен простор
- Услуги на друштвата во рамките на Раде Кончар.

-Друштва од кои во текот на 2024 година се остварени приходи од дивиденда

Во текот на 2024 година остварени се приходи од дивиденди во износ од **12.444.861,00** денари и тоа од :

| | |
|---|---|
| ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи | **5.240.856** |
| ДОО Раде Кончар-Заеднички Дејности | |
| ТТК Банка АД Скопје | **232.740** |
| Комерцијална Банка АД Скопје | **1.820.000** |
| Алкалоид АД Скопје | **540.000** |
| МакедонскиТелеком | **551.947** |
| Прилепска пивара | **153.318** |
| Уни банка | **3.680.000** |
| Македонија Турист | **226.000** |
| **Вкупно** | **12.444.861** |

-Во 2024 година деловниот простор, сопственост на АД Раде Кончар-Апаратна техника- Скопје, се издаваше под закуп, па по однос на закупнини, услуги и префактурирање Друштвото оствари приход од **2.658.008,00** денари.

- Со тргување со акции на Македонската Берза, во Акционерското друштво остварени се приходи од **25.706.483,00** денари.

-Со вложување во инвестициски фондови преку нереализирана добивка остварен е приход од **1.217.822,00** денари.

АД Раде Кончар - Апаратна техника во текот на 2024 година, ја одржа ликвидноста на друштвото, ги подмири сите тековни трошоци, давачки спрема државата, исплати дивиденда на акционерите на АД.

## ПОЛИТИКИ НА ВЛОЖУВАЊЕ

Акционерското друштво се стреми кон вложување во различни профитабилни хартии од вредност со што од досегашното вложување во хартии од вредност, АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, заклучно со 31.12.2024 година поседува обични акции од: Комерцијална Банка АД-Скопје, Стопанска Банка АД-Скопје, Уни Банка АД-Скопје, ТТК Банка АД-Скопје, АД Алкалоид-Скопје, Македонски Телеком АД-Скопје и Прилепска пивара АД-Скопје.

## ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Во 2024 година, Друштвото ги реализираше своите обврски, вклучувајќи ја и исплатата на дивиденда на акционерите. Одборот на директори се стреми да го зголеми капиталот на друштвото, а воедно да остварува и поголеми добивки, како и да одржи континуитет во досегашниот начин на приходување од дивиденда од друштвата во кои АД има свои удели.

Доколку друштвото успее да оствари поголеми приходи во наредниот период (остварување на поголеми приходи по основ на дивиденда од друштвата во кои има акции и удели, евентуална продажба на објектот, остварување на

капитална добивка и следствено на тоа остварување на поголема добивка), <u>Одборот на директори ќе се залага за распределба на поголема дивиденда на акционерите.</u>

Акционерското друштво во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година оствари вкупен приход од **50.231.994,00** денари.
Во структурата на приходи во овој период влегува учеството на приходите од исплатените дивиденди остварени од добивката од друштвата во кои Акцинерското друштво има свои вложувања, приходи од тргување со хартии од вредност по кој основ е остварена капитална добивка, приходи од придружни ентитети, приходи од вложувања во инвестициски фондови и приходи од извршени услуги и наемнини од издавање на деловен простор.

Вкупните расходи во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, изнесуваат **14.018.049.00** денари во кои оваа година влегуваат и резервации за трошоци и ризици.

Нето добивката на Акционерското друштво за 2024 година изнесува **33.704.702**,00 денари.

## ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 и 2023 ГОДИНА

Во рамките на работењето на АД Раде Кончар-Апаратна техника, во деловната 2024 година како и во однос на претходната година постигнати се следните резултати :

| | 2024 | 2023 |
|---|---:|---:|
| Добивка пред оданочување | 36.213.945 | 32.254.535 |
| Данок на добивка | 2.509.243 | 1.930.937 |
| **Нето добивка за финансиска година** | **33.704.702** | **30.323.598** |
| | | |

## 1. БИЛАНС НА УСПЕХ НА 31.12.2024 ГОДИНА

| О П И С | 2024 | 2023 |
|---|---:|---:|
| **Приходи** | **50.231.994** | **41.881.639** |
| Приходи од дивиденди | 12.444.861 | 14.310.748 |
| Приходи од продажба на хартии одвредност | 25.706.483 | 20.699.669 |
| Удел во добивката на придружни ентитети | 7.947.301 | 4.040.495 |
| Приходи од услуги и наемнини | 2.658.008 | 2.794.252 |
| Останати приходи од вложувања и отпис на обврски | 1.475.341 | 36.475 |
| **Расходи** | **14.018.049** | **9,627,104** |
| - Трошоци за материјали и енергија | 293.363 | 483.690 |
| - Бруто плати | 1.047.569 | 1.582.725 |
| - Амортизација | 618.285 | 605.573 |
| -Трошоци за резервирања и ризици | 6.000.000 | - |
| -Останати трошоци од работење | 6.058.832 | 6.975.116 |

| | | |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | **36.213.945** | **32.254.535** |
| - Данок од добивка | **2.509.243** | **1.930.937** |
| **Нето добивка за финансиска година** | **33.704.702** | **30.323.598** |
| | | |

.

Структурата на капиталот на АД Раде Кончар-Апаратна техника на 31.12.2024 година е следната:

### 2. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

| | **2024** | **2023** |
|---|---|---|
| Запишан капитал | 211.974.297 | 211.974.297 |
| Ревалоризациони резерви | 142.692.922 | 71.182.693 |
| Резерви | 27.611.615 | 27.611.615 |
| Акумулирана добивка | 915.482 | 124.264 |
| Нето добивка за финансиска година | 33.704.702 | 30.323.598 |
| **Вкупен капитал и резерви** | **416.899.018** | **341.216.467** |

Акционерското друштво навремено ја исплати дивидендата на своите акционери, редовно ги подмируваше месечните трошоци по однос на плата и награди, услуги, закупнини, даноци и сите давачки согласно закон.

### ВЛОЖУВАЊЕ ВО ПРИДРУЖНИ ЕНТИТЕТИ

Како вложувања во придружни ентитети на 31декември 2024 година преставуваат капитални инвестиции во:
-ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи (40% сопственост)
-ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности (40% сопственост)

ДОО Раде Кончар Заеднички дејности во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% во деловната 2024 година оствари вкупен приход од 30.362.003,00 денари , вкупни расходи од 20.297.344,00 денари и нето добивка за деловната 2024 година од 9.078.773,00 денари.

ДОО Раде Кончар - Контактори и релеи во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% во деловната 2024 година оствари вкупен приход од 291.090.445.00 денари и вкупни расходи 263.263.160,00 денари , односно нето добивка од 25.153.323,00 денари.
Наведените податоци на Акционерското друштво беа презентирни и доставени од страна на наведените друштва.

### КОДЕКС НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Во месец октомври 2021 година, донесен е нов Кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска Берза, како резултат на заедничкиот проект на Македонска Берза АД-Скопје и Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кој се воспоставуваат нови стандарди и инструменти во делот на корпоративното управување.

Акционерското друштво ги исполнува критериумите за задолжителна примена на Кодексот за корпоративно управување и поради тоа презеде

активности за приспособување и примена на одредбите од Кодексот за корпоративно управување.

При тоа треба да се нагласи дека Акционерското друштво и досега го имплементираше Кодексот односно ги следеше нормативните и етичките принципи, при што процесот на усогласувањето со Кодексот претставува продолжена активност на Акционерското друштво за градење на добра корпоративна репутација и одржлив развој на долг рок.

Во рамките на овој Годишен Извештај, членовите на Одборот на директори, даваат Изјава за усогласеност со Кодексот на корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, која е содржана во Прилог 1 кон овој Годишен Извештај.

Собранието на акционери како највисок орган на Акционерското друштво одлучува за сите парашања во рамките на неговата надлежност утврдена со Законот за трговските друштва и Статутот на Акционерското друштво а тука пред се одлучувањето за распределба на добивката на Друштвото, утврдување на износот и исплата на дивиденда за акционерите, утврдување на дивиденден календар, избор на органи на управување, усвојување на годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи за деловната година, избор на ревизор за ревизија на финасиските извештаи и сите други парашања согласно Законот и Статутот.

Акционерското друштво секоја година одржува редовно Годишно Собрание на акционери со свикување преку Јавен повик уредно објавен согласно законските прописи.

Преку Јавниот повик се повикуваат сите акционери да го пријават своето учество на Собранието.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести акционерското друштво.

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред, како и да достават предлози за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собранието и/или да предложат одлуки за усвојување.

За сето ова акционерите може да се информираат преку интернет страната на Акционерското друштво: www.radekoncar-ad.com.mk

Управувањето во АД Раде Кончар-Апаратна техника е организирано на принципот на еднostепен систем на управување преку Одбор на директори, составен од 5 (пет) члена од кои 4(четири) неизвршни членови и 1(еден) извршен член на Одборот на директори како извршен директор.

Месечниот надоместок на извршниот член на Одборот на директори изнесува 1.200 евра, а на неизвршните членови на Одборот на директори месечниот надомест е утврден со Одлука на Собрание на акционери бр.0201-80 од 21.08.2018 година.

Одборот на директори во текот на 2024 година одржа 14 седници.

Како посебни вредности во управувањето со Акционерското друштво, Одборот на директори вложува максимални напори за примена на принципот на транспарентност и редовно информирање преку системот за електронски информации за котираните друштва на Македонска Берза СЕИ НЕТ, согласно Правилата за котација и дополнително преку Интернет страницата на Друштвото.

Деловната политика на управување како и на спроведување на донесените одлуки, Одборот на директори на Акционерското друштво настојува да ја темели на примена на практиките на добро корпоративно управување.

**ИЗГЛЕДИ ЗА ИДЕН РАЗВОЈ**

Својата долгорочна политика друштвото ја носочува кон зголемување и оплодување на капиталот и приходување на средства кои ќе се вложат во пласман на капитал, како дивиденда и капитална добивка, издавање на деловниот простор или евентуална негова продажба како и во евентуално развивање нови дејности.

**СУДСКИ СПОРОВИ – ПОСТАПКИ**

-Судски спор по Тужба за надомест на штета, по член 241 од ЗТД, поднесена од АД Раде Кончар-Апаратна техника како Тужител, против тогаш управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи поради настаната штета по основ на штетно работење на формираното друштво, Смелт Инг-Скопје, исплата на неосновано зголемена плата, неосновани исплати по договори на дело, советодавни услуги со ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП и сл. Вредноста на овој спор според тужбеното барање е 23.230.846,00 денари. Овој спор делумно е завршен со правосилна пресуда на Апелациониот суд ГЖ бр.1542/15 од 20.01.2016 година во корист на Тужителот: АД Раде кончар-Апаратна техника-Скопје и наплатен е износ од 8.969.098,00 денари.

До Врховвниот суд на РМ поднесоа ревизија и Тужителот и Тужениот при што Тужениот поднесе ревизија во усвоениот и досуден дел, а Тужителот поднесе ревизија во одбиениот дел. Врховниот суд на РМ на 13.09.2017 година донесе Пресуда Рев 2 183/2016 со која Ревизијата на Тужениот ја одби како неоснована со што го потврди пресудениот и наплатениот дел, а Ревизијата на Тужителот ја уважи при што предметот го врати на повторно одлучување само во одбиениот дел. При повторното одлучување Првостепениот и Второстепениот суд го одбија тужбеното барање за што од страна на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје е поднесена ревизија до Врховниот суд, кој со Решение Рев 2 бр.241/2021 од 20.12.2022 година ја усвои ревизијата на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје и предметот се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд.

Првостепениот суд го одби тужбеното барање, при што Тужителот вложи жалба и предметот е во постапка на одлучување пред Апелациониот суд-Скопје.

-Тужба поднесена од АД Раде Кончар-Апаратна техника, против тогаш управителот на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи, како Првотужен и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП како Второтужен, во вредност на спор наведен во тужбата во износ од 4.907.443,00 денари, за надомест на штета согласно чл.241 од ЗТД, која произлегува од неосновано исплатени плати,награди , договори на дело и други исплати кои произлегуваат од менаџерските договори, а која постапка е правосилно завршена со пресуда П4-788/16 од 03.06.2020 и ГЖ -2231/21 од 16.12.2021 со која е усвоено тужбеното барање спрема Првотужениот и на АД Раде Кончар-Апаратна техника Скопје досуден е износ од 5.758.150,00 денари на име главен долг, камата на овој износ сметано од 29.07.2016 година до исплата и процесни трошоци во износ од 437.328,00 денари. Во однос на Втортужениот

тужбеното барање е одбиено и АД Раде Кончар-Апратна техника-Скопје е задолжено да плати на Второтужениот процесни трошоци во износ од 322.212,00 денари. Првотужениот.поднесе ревизија до Врховниот суд на РСМ, по однос на која, Врховниот суд на РСМ на ден 21.02.2024 година донесе Решение РЕВ 2-102/22 со кое ревизијата ја усвои а пресудата на Апелациониот суд-Скопје ГЖ-2231/21 од 16.12.2021 и пресудата на Основниот Граѓански суд П4-788/16 од 03.06.2020 ги укина и предметот го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд. Постапката пред Првостепениот суд е во тек.

-Тужба поднесена против тогаш управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар ТЕП, за надомест на штета во износ од 15.849.186,00 денари, по член 241 од ЗТД која произлегува од продажбата на акции издадени од АД Раде Кончар Апаратна Техника и констатирани нерегуларности по Записник на УЈП за извршена надворешна контрола на ДДВ кај ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје, со која контрола од страна на УЈП беше утврден неевидентиран промет од 26.790.210 денари, неплатен ДДВ, данок на добивка и персонален данок. Постапката е во тек пред Врховен суд на РСМ.

-Пред Основниот Граѓански суд Скопје се водеше постапка за утврдување на преовладувачко влијание согласно чл.496 став 1 т.3 и став 3 од Законот за трговските друштва помеѓу АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје и ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје на Предлог од Комисијата за хартии од вредност на РСМ.

На ден 02.02.2023 година од страна на Основниот Граѓански суд беше донесено Решение ВПП-434/21 со кое се утврдува постоење на преовладувачко влијание на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје над ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје.

По обжалување на предметното Решение од страна на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје и ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности-Скопје, Апелациониот суд-Скопје донесе Решение ТСЖ-1767/23 од 21.11.2024 година со кое жалбата се одбива како неоснована , а Решението на Основен Граѓански суд ВПП-434/21 од 02.02.2023 се потврдува.

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Согласно Статутот на Акционерското друштво, членовите на Одборот на директори се со мандат од 1 (една) година, па нормално е да се очекуваат планови на пократки рокови за акционерското друштво.

Со цел акционерското друштво да работи позитивно и да остварува добивка во вакви услови на стопанисување потребно е да се превземат следните мерки:

**-<u>Остварување на приходи од дивиденда од вложени средства во удели и хартии од вредност</u>**

Акционерското друштво ќе се стреми вложените средства во хартии од вредност да ги оплодува преку добиената дивиденда и со истата да овозможи пласман во нови хартии од вредност со редовно пратење на финансиските резултати на друштвата во кои има инвестирано.

**-Остварување на приходи од капитална добивка**
Акционерското друштво како и досега, ќе се стреми да остварува капитални добивки на Македонска берза, преку купопродажба на хартии од вредност и остварување на разлика во цена на хартиите од вредност во друштвата кои покажуваат ликвидност и сигурен пораст на своите хартии од вредност, како и изнаоѓање на други начини за остварување на капитални добивки по однос на капиталот кој го поседува АД и има потенцијал за понатамошно искористување и оплодување.

**- Објектот - деловна зграда бр. 5 да биде во функција и приходување од изнајмување на деловниот простор**
Акционерското друштво ќе продолжи да приходува од изнајмување на деловниот простор во објектот.

***********

Одборот на директори и во иднина ќе се стреми со минимални трошоци да ја одржува ликвидноста на друштвото, да ја зголеми добивката со приходи од повеќе основи.
Акционерското друштво ќе продолжи да ги поддржува иницијативите на друштвата во склоп на Раде Кончар за капитално поврзување со стратешки партнери од земјата и странство, а со цел за подобрување на производните програми, производство и пласман на поголеми количини на производи и услуги, како и можностите за продавање на дел од друштвата или формирање на мешовити компании. На ваков начин ќе се подобри позицијата на друштвата во склоп на Раде Кончар, ќе се внесат свежи и ликвидни средства, ќе се зголемат капацитетите на друштвата како и обемот на производство, што секако ќе придонесе за поголема афирмација на брендот Раде Кончар.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА АД:**

Ѓорѓи Доновски , Претседател

.......................................................

Татјана Лазаревски , Извршен директор

.......................................................

Корина Киријас Џалева, Неизвршен член

.......................................................

Горан Марковски, Неизвршен член

.......................................................

Мартин Кочмановски, Неизвршен член

**ПРИЛОГ 1**

## Изјава за усогласеност со Кодексот за корпоративно управување

Ние, членовите на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, изјавуваме, дека Друштвото во своето работење го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза АД Скопје, објавен на интернет страната на Берзата www.mse.mk.

АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративно управување предвидени во Кодексот според пристапот "примени или појасни зошто не си применил", преку пополнување на прашалници чија форма и содржина е пропишана со Кодексот.

Со оваа Изјава потврдуваме дека прашалниците ќе бидат објавени на СЕИ НЕТ и на интернет страницата на Друштвото и дека одговорите во истите се точни и вистинити и веродостојно ја отсликуваат примената на принципите и најдобрите практики на корпоративно управување од страна АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје пропишани со Кодексот за корпоративно управување.

**Изјавиле:**

**Членови на Одборот на директори:**

Ѓорѓи Доновски

..................................

Татјана Лазаревски

..................................

Корина Киријас Џалева

..................................

Горан Марковски

..................................

Мартин Кочмановски

..................................

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР - АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 2